Бр./Nr 12-2027/2
18-08-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2027/1 од 23.07.2025 година оформен по наводи за нестручно и незаконито постапување на претседателот на Основен суд ------, -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2027/1 од 23.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 23.07.2025 година, доставена е пријава заведена под број 12-2027/1, со наводи за нестручно и незаконито постапување при донесување на Решенија број ИДС.бр.--/24 од --.--.2024 и ИДС.бр.--/25 од --.--.2025 година од страна ---------, Претседател на Основен суд -----------.

Во пријавата е наведено дека судските решенија биле донесени во корист на Општина --------, кој се јавувал како должник во постапката, без притоа да се наведат податоци за доверителот и за што се однесува истата.

Подносителот наведува дека решенија биле донесени без да имаат соодветно образложение и докази изнесени во постапката, само во корист на должникот, со цел избегнување на обврската да ги сервисира долговите спрема доверителите.

Имајќи предвид дека во член 36 став 1 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ 102/2019 и 51/2023), е уредено дека Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, по разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи надлежен да постапува е Судски совет на Република Северна Македонија, поради што предметната пријава ќе се достави на понатамошно надлежно постапување.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk